Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ОКСЗД

Бр. 08-97/5
24-03-2023
20 ___ год.-viti

Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 08-675/1 доставена на 22.12.2022 година, – нов бр. 08-97/1 – поднесена од [redacted] од Штип, за извршена дискриминација по основ на политичко уверување од страна на ЈУОДГ „Вера Циривири – Трена" – Р.Е. „Другарче" Штип и одговорното лице [redacted] во областа работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита о дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 и член 24 став 5 о Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20) на 23.03.2023 година го донесе следниов

## ЗАКЛУЧОК ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ПОРАДИ ЗАСТАРЕНОСТ

**Се запира постапката за заштита од дискриминација** по претставката поднесена од [redacted] од Штип против ЈУДОДГ „Вера Циривири – Трена" Р.Е. „Другарче" Штип за извршена дискриминација врз основ на политичко уверување во областа работа и работни односи.

## Образложение

На 22.12.2022 година во архивата на Комисијата примена е претставка за заштита од дискриминација бр. 08-675/1, поднесена од [redacted] од Штип, за извршена дискриминација по основ на политичко уверување од страна на ЈУДОДГ „Вера Циривири – Трена" – Р.Е. „Другарче" и одговорното лице [redacted] во областа работа и работни односи. Со оглед дека Комисијата констатираше дека наводите содржани во истата се нејасни и нецелосни, на 17.01.2023 година, согласно член 24 став 2 од Законот, испрати Барање за доуредување на претставката до подносителката заедно со бланко-формулар, архивирано под нов број 08-97/1.

На 01.02.2023 година, пристигна доуредувањето на претставката од страна на подносителката Зафирова и уредно пополнет формулар, заверен под бр. 08-97/2, во кој таа наведува дека се чувствува дискриминирана од страна на ЈУДОДГ „Вера Циривири – Трен" преку одговорното лице в.д. директор [redacted] по основ на политичко уверување при пристап до работно место на објавен јавен конкурс од страна на институцијата на 16.05.2018 година.

Имено, подносителката смета дека била политички дискриминирана од страна на директорката [redacted] на начин што и покрај тоа што во неколку наврати од ноември 2015 до 28.02.2018 била работно ангажирана во градинката со договор за работа на определено време, при што остварила вкупно 2 години и 2 месеци работен стаж, на нејзино барање директорката не ѝ го трансформирала работниот однос од определено на наопределено време, туку објавила јавен конкурс за прием на 4 вработени на неопределено време и избрала други кандидати на истиот.

На 10.02.2023 година, Комисијата согласно член 24 став 7 од Законот, испрати Барање за произнесување по наводите содржани во претставката до ЈУДОДГ „Вера Циривири – Трена" и до директорката [redacted], бр. 08-97/3.

На 08.03.2023 година, до КСЗД е испратен допис, од ЈУДОДГ „Вера Циривири Трена" Штип, потпишан од в.д. директорка [redacted], заверен под бр. 08-97/4, во кој наведдуваат дека поранешната директорка [redacted] заклучно со 31.05.2022 година била разрешена од функцијата од страна на градоначалникот [redacted] поради истек на мандатот со Решение бр. 09-3387/1 0д 30.05.2022 година. Во дописот тие упатуваат дека немат никаков правен контакт со подносителката [redacted] бидејќи истата била одјавена од установата од страна на поранешната директорка [redacted] заклучно со 23.09.2020 година.

Согласно член 24 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, *претставка може да се поднесе најдоцна во рок од шест месеци од дознавањето за актот на дискриминација или најдоцна една година од денот кога била сторен повредата.*

Во конкретниов случај, Комисијата утврди дека евентуалната повреда на правото на еднаков пристап до работно место на подносителката Јасминка Зафирова по основ на политичко уверување, веќе е застарено согласно погорецитираната одредба, па затоа одлучи како во диспозитивот.

Комисија за спречување и
заштита од дискриминација
Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

1. [redacted]
3. Архива на КСЗД